ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
03 Су Бр. / Nr. 65/21
27.01.2021 год. / v.
СКОПЈЕ/SHKUP

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Р.С.М.“ бр.101/2019) Врховниот суд на Република Северна Македонија, со седиште на бул. „Крсте Мисирков“ бр. 8 во Скопје, телефон 02/3136-044, факс 02/3237-538 и е-маил info@vsrm.mk, преку службеното лице за посредување со информации од јавен карактер м-р Снежана Димитровска, го подготви следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## (од 1.01.2020 до 31.12.2020)

1. **Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;**

м-р Снежана Димитровска, виш судски соработник
е-маил: snezana.dimitrovska@vsrm.mk

2. **Број на примени барања;**

Во периодот од 1.01.2020 година до 31.12.2020 година, во Врховниот суд на Република Северна Македонија примени се вкупно четириесет и едно (41) барање за пристап до информации од јавен карактер.

3. **Број на позитивно одговорени барања;**

Бројот на позитивно одговорени барања изнесува триесет и четири (34)

Две (2) барања се препратени до други судови во согласност со член 18 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;

По пет (5) барања од институција од невладиниот сектор за пристап до информации од јавен карактер е постапено на начин што до барателот е доставено писмено известување.

4. **Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање;**

Одбиени и отфрлени барања нема.

5. **Број на неодговорени барања**

По сите барања за пристап до информации од јавен карактер примени во Врховниот суд на Република Северна Македонија во текот на извештајниот период е постапено и одговорено. Неодговорени барања нема.

**6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација);**

Во текот на 2020 година вложени се две (2) жалби.

- Првата жалба (насловена како приговор) е поднесена до ВСРСМ на ден 28.02.2020 година од страна на барател против решение СПИ бр.5/2020 од 24.02.2020 година, со кое позитивно е одговорено на неговото барање за пристап до информации од јавен карактер. Жалбените наводи на барателот не се насочени кон содржината на добиената информацијата туку го оспорува решението затоа што истото е потпишано од страна на службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, наместо од претседателот на судот. Жалбата е препратена на постапување на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со одговор на жалба и списите на предметот. Агенцијата со решение 08-70 од 10.03.2020 година ја одби жалбата како неоснована и го потврди решението на ВСРСМ.

- Втората жалба е поднесена до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од причина што, по барањето за пристап до информации од јавен карактер на барателот не му е одговорено во законски предвидениот рок. Имено, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од страна на барателот на 29.10.2020 година, ВСРСМ на ден 26.11.2020 година донесе решение со кое позитивно одговори на поднесеното барање и бараната информација ја проследи до барателот на 27.11.2020 година во форма и на начин како што беше наведено во барањето, односно по електронски пат, со извинување за задоцнувањето и појаснување дека истото беше предизвикано од работа во услови на пандемија со Ковид 19. Истиот ден, Агенцијата со електронски допис ја препрати жалбата на барателот до ВСРСМ. На 03.12.2020 година ВСРСМ достави до Агенцијата одговор на жалба и списите на предметот. Со решение на Агенцијата бр. 08-712 од 09.12.2020 година, постапката по жалба се запира, поради тоа што жалбата се смета за повлечена.

7. **Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата;**

Две (2) жалби се усвоени со одлука на Агенцијата. Се работи за барања за пристап до информации од јавен карактер од 2019 година на кои позитивно е одговорено, меѓутоа барателите не биле задоволни од доставениот одговор поради што вложиле жалби.

- Во првиот случај, Агенцијата со решение бр.08-165 од 12.02.2020 година, ја уважува жалбата на подносителот и неговиот предмет го враќа на повторно постапување пред ВСРСМ, со образложение дека имателот на информацијата не ги доставил бараните информации во целост, односно Одговорот на барањето СПИ бр.7/2019 од 15.04.2019 не ги содржел сите информации кои барателот ги барал согласно ЗСПИЈК. Постапувајќи по решението на Агенцијата, ВСРСМ донесе и достави до барателот Решение СПИ бр.8/2020 од 25.02.2020 година со кое позитивно одговори на барањето со давање на целосна информација, која беше доставена до барателот во форма и на начин како што беше наведено во барањето. До Агенција е доставено известување дека е спроведено решението бр.08-165 од 12.02.2020 година.

- Во вториот случај. со решение 08-669 од 19.02.2020 година, Агенцијата ја уважува жалбата на подносителот и неговиот предмет го враќа на повторно постапување пред

ВСРСМ, со образложение дека имателот на информацијата не ги доставил бараните информации до барателот односно доставениот Одговор СПИ бр.13/2019 од 19.07.2019 не ја содржел бараната информација. Постапувајќи по решението на Агенцијата, ВСРСМ донесе и достави до барателот Решение СПИ бр.9/2020 од 09.03.2020 година со кое позитивно одговори на барањето со давање на целосна информација, во форма и на начин како што беше наведено во барањето. До Агенција е доставено известување дека е спроведено решението бр.08-669 од 19.02.2020 година.

8. **Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата**

Нема преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата.

9. **Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање** и

Една (1) жалба е одбиена со Решение на Агенцијата 08-70 од 10.03.2020 година - погоренаведена под точка 6 став 1 алинеја 1. Според образложението на решението, жалбата е одбиена како неоснована од причина што Агенцијата утврдила дека имателот на информациите постапил согласно одредбите од член 3 став 1 алинеја 5, член 8 став 1 и став 3 и член 19 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

10. **Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.**

Нема отфрлени жалби од Агенцијата.

По една жалба постапката е запрена со решение на Агенцијата бр. 08-712 од 09.12.2020 година, поради тоа што жалбата се смета за повлечена - погоренаведена под точка 6 став 1 алинеја 2. Причината за запирање на постапката е утврденото од страна на Агенцијата дека Барателот ја добил бараната информација, што било потврдено од негова страна.

**Скопје, 27.01.2021`година**

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**
**м-р Снежана Димитровска**